# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

.


| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Свети Николе**<br><br>**Излегува по потреба** | **06.02. 2014 година**<br>**ден месец година**<br>**Свети Николе**<br>**Број 2** | **ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА**<br>**Трезорска сметка 100000000063010**<br>**Буџетски корисник 7630140762- 630-10** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе„ бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука**
**за давање на градежно земјиште под краткотраен закуп**

Се објавува Одлука за давање на градежно земјиште под краткотраен закуп бр. 0701 – 158, што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 06.02. 2014 година.

**Бр. 0801- 159** | **Градоначалник,**
**06.02. 2014 год.** | **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** | **Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа, како и член 77 и член 78 став 2 од Законот за градежно земјиште (“Службен весник на РМ” бр. 17/11, 53/11,144/12 и 25/13), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 06.02. 2014 година донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на градежно земјиште под краткотраен закуп**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност да се даде под краткотраен закуп, со непосредна спогодба, градежното земјиште сопственост на РМ на Кинеската Корпорација СИНОХЅДРО ЛИМИТЕД и тоа

- дел на КП бр. 8234/1
- дел на КП бр. 8238 и
- дел на КП бр. 8239 со вкупна површина од 17.639$м^2$ сите во КО Свети Николе – гр.

**Член 2**

Градежното земјиште од член 1 од оваа Одлука се дава под краткотраен закуп за време од 5 (пет) години за организирање на градилиште со поставување на камп за сместување на работници кој што ќе биде во функција за изграба на автопатот А4 делница Миладиновци – Штип.

**Член 3**

Закупнината за градежното земјиште ќе се исплати на тој начин што по истекот на рокот од договорот за краткотраен закуп сите поставени градби на предметното земјиште ќе останат во сопственост на Општина Свети Николе.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Општина Свети Николе да склучи договор за давање под краткотраен закуп на градежно земјиште опишано од член 1 од оваа Одлука и склучениот договор да има сила на извршна исправа.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на објавување во "Службен гласник на Општина Свети Николе" .

**Бр.0701- 158**
**06.02.2014 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Илија Стоилев с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

1.Одлука за давање на градежно земјиште под краткотраен закуп . . . . . .стр. 1

**Бр.0701- 160**
**06.02.2014 година**
**Свети Николе**